ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-161/11**

**Датa: 02.09.2010**

ДО

СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ, ГИМНАЗИЈА „ОРЦЕ НИКОЛОВ“ - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на Град Скопје, Гимназија „Орце Николов“ – Скопје (во понатамошниот текст СУГС Гимназија „Орце Николов“ - Скопје) на сметката на буџет од самофинансирачки активности за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на сметката на буџет од самофинансирачки активности, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразуваме негативно мислење.

Во рамки на утврдените недоследности, како позначајни ги истакнуваме:

- невоспоставениот систем на интерни контроли при процесот на плаќање;
- неизвршеното усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба на 31 декември 2009 година, и
- необезбедената транспарентност при давање во закуп на недвижни ствари.

По однос на наведеното, укажуваме одговорното лице: да обезбеди соодветно разграничување на должностите и одговорностите при процесот на плаќање, да воспостави материјална евиденција на расположливите и новонабавените основни средства како основа за усогласување на сметководствената со фактичката состојба на истите на 31 декември, како и да го реализира давањето на користење недвижни ствари исклучиво во постапка со јавно наддавање, со претходна согласност од Градот Скопје.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 10 до 11 заедно со ревизија на усогласеност на СУГС Гимназија „Орце Николов„ - Скопје на сметката на буџет од самофинансирачки активности за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на СУГС Гимназија „Орце Николов„ – Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Ѓорѓи Китански - директор 07.07.1999 до 27.11.2009 и
- Сунчица Поповска - директор од 27.11.2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Гимназија „Орце Николов“ - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Поради неможноста за добивање на ревизорски докази за преовладувачки износи во финансиските извештаи, ние не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.06.2010 година до 16.07.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 14.07.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 26.07.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-161/5од 26.07.2010 година.

### 3.1. Систем на интерни контроли

**Безготовинско плаќање**

**3.1.1.** Во СУГС Гимназија „Орце Николов“ - Скопје не се воспоставени контролни процедури во процесот на плаќање, односно внесувањето на податоците во деловните книги не се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи, како доказ за настанататите финансиски трансакции. Овластеното лице на училиштето или друго овластено лице од него не гарантираат во сите случаи со потпис на документите дека истите се вистинити и реално ја прикажуваат сметководствената промена. Од тие причини, постои ризик финансиските трансакции да не се извршени во согласност со законските прописи.

**Препорака**

Гимназијата „Орце Николов“ да воспостави контролни процедури за разграничување на должностите, како и процедури за овластување и одобрување при процесот на плаќање заради обезбедување сигурност во трошењата на средствата согласно законите.

**3.2. Финансиски извештаи**

**Биланс на приходи и расходи**

**Приходи**

**3.2.1.** СУГС Гимназија „Орце Николов“ - Скопје во 2009 година остварило приходи од давање во закуп недвижни ствари во износ од 586 илјади денари. Давањето на недвижните ствари во закуп е извршено во нетранспарентна постапка, со непосредна спогодба, наместо во постапка со јавно наддавање што упатува на можно ограничување на конкуренцијата и на приходите на СУГС Гимназија „Орце Николов“ – Скопје.

До датумот на ревизијата, Градот Скопје како основач на Гимназијата не се стекнал со право на сопственост на објектот на истата, што е обврска предвидена со Одлуката за пренесување на основачките права и обврски од 2005 година. Сѐ до стекнување право на сопственост на Градот врз училишниот објект, средствата од давање на користење на недвижни ствари од страна на училиштето претставуваат приход на Буџетот на Република Македонија, согласно член 7 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

**Препорака**

Гимназијата има право да дава на користење недвижни ствари исклучиво во постапка со јавно наддавање, со согласност од Градот Скопје, но откако истиот ќе обезбеди право на сопственост врз училишниот објект.

**Расходи**

**3.2.2.** Ревизија не изрази уверување во објективноста и реалноста на расходите во износ од 125 илјади денари, во однос на:

- патните и дневни расходи направени за службени патувања во странство во износ од 95 илјади денари поради неподнесена поткрепувачка документација (решенија, налози, сметки). Имено, спротивно на Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на

органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци, СУГС Гимназија „Орце Николов" – Скопје не изготвува ниту решенија, ниту налози за службени патувања во странство. Истите треба да ги содржат битните аспекти на службеното патување, со оглед дека ги детерминираат признавањето и висината на надоместоците при службено патување.

- расходи за гориво во износ од 30 илјади денари по основ на користење сопствен автомобил од страна на вработените во училиштето, за потребите на работодавачот, без претходно издадени патни налози.

**Препорака**

Исплатата на патните и дневните расходи при патувања во странство да се врши исклучиво по претходно издадено решение и налог за службено патување во странство, одобрени од директорот на училиштето.

Исто така, трошоците за користење на сопствен автомобил за потребите на работодавачот да се признаваат врз основа на патен налог и во висина на законски утврдените барања.

**Биланс на состојба**

3.2.3. Ревизијата не изразува уверување во објективното и реално прикажување на состојбата на постојаните средства на училиштето, евидентирани на 31 декември 2009 година во износ од 1.038 илјади денари, поради следното:

- не е воспоставена книга на основни средства за евидентирање на расположливите и новонабавени средства и
- не е извршен попис и усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба на 31 декември 2009 година.

Освен тоа, училиштето располага и со опрема добиена од Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество заради вршење на основната дејност, во рамки на проектот „Компјутер за секое дете", и тоа: 64 преносни компјутери; 96 персонални компјутери, 480 тин клиенти и 576 ЛЦД монитори; 240 училишни клупи со 480 училишни столчиња; 2 ЛЦД проектори, 3 печатачи и 1 мултифункциски уред. Од причина што за наведената опрема не е дефинирана сопственоста, ниту е утврдена вредноста, истата сè уште не е сметководствено воведена.

Сето наведено не е во согласност со член 7 и 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и не овозможува верификација на физичкото постоење на постојаните средства на училиштето.

**Препорака**

СУГС Гимназија „Орце Николов" - Скопје да воспостави помошна книга (книга на основни средства) во која ќе ги евидентира расположливите и новонабавените движни средства. Исто така, училиштето да обезбеди сметководствено воведување на новопримената опрема, како и усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена според годишниот попис.

## 4. Ревизорско мислење

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точките 3.1.1 и 3.2.3. погоре, кои се однесуваат на невоспоставен систем на интерни контроли во процесот на плаќање , како и неизвршено усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба на ден 31. декември 2009, ревизијата не изразува мислење за финансиските извештаи на СУГС Гимназија „Орце Николов" - Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности, на 31 декември 2009 година.

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1.1. и 3.2.3. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на СУГС Гимназија „Орце Николов" – Скопје на 31 декември 2009 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2.1 и 3.2.2. од овој извештај и точката 3.2.1. од Конечниот извештај за сметката на расходи на буџет на дотации , активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на СУГС Гимназија „Орце Николов" - Скопје, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Скопје, 01.09.2010 година**

| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | | **2009** | | **2008** |
| **Приходи** | | | | |
| Неданочни приходи | | 1,549 | | 2,038 |
| **Вкупно приходи** | | **1,549** | | **2,038** |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Стоки и услуги | | 1,272 | | 1,410 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1,272** | | **1,410** |
| **Капитални расходи** | | | | |
| Капитални расходи | | 213 | | 439 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **213** | | **439** |
| **Вкупно расходи** | | **1,485** | | **1,849** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **64** | | **189** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | 16 | | 0 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **48** | | **189** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | | 2009 | | 2008 |
| **Актива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Парични средства | | 64 | | 189 |
| Побарувања од вработените | | 0 | | 36 |
| **Вкупно тековни средства** | | **64** | | **225** |
| | | | | |
| **Постојани средства** | | | | |
| Материјални средства | | 1,038 | | 1,034 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1,038** | | **1,034** |
| | | | | |
| **Вкупна актива** | | **1,102** | | **1,259** |
| | | | | |
| **Пасива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | | 16 | | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | | 48 | | 225 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **64** | | **225** |
| | | | | |
| **Извори на средства** | | | | |
| Извори на капитални средства | | 1,038 | | 1,034 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1,038** | | **1,034** |
| | | | | |
| **Вкупна пасива** | | **1,102** | | **1,259** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| О П И С | **Државен јавен капитал** | **Вкупно извори на капитални средства** |
| **Состојба и промени на капиталот и резервите** | | |
| **Состојба на ден 01. јануари 2009** | **1,034** | **1,034** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **36** | **36** |
| Набавка на постојани средства | 33 | **33** |
| Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | 3 | **3** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **32** | **32** |
| Амортизација на постојани средства | 32 | **32** |
| | | |
| **Состојба на ден 31.декември 2009** | **1,038** | **1,038** |